Врз основа на член 7 став (2) од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 219/19, 19/22 и 197/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 октомври 2023 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за одобрување на Предлог- Одлуката за определување на трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоците за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач**

1. Се одобрува Предлог-Одлуката за определување на трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоците за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач на Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, бр.11-1156/4 од 13 октомври 2023 година.
2. Се задолжува Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, одобрената Одлука од точка 1 од ова решение да ја објави на својата веб страница.
3. Ова решение се доставува до Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје согласно член 7 став (2) од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 219/19, 19/22 и 197/22) има обврска да подготви Предлог-Одлуката за определување на трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоците за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), и да ја објави на својата веб страница.

Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика достави Предлог-Одлуката за определување на трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоците за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач бр.03-

2690 од 10 октомври 2023 година, заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.11-1156/4 од 13 октомври 2023 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 19 октомври 2023 година одржа седница на која ја разгледа и врз основа на член 7 став (2) од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија" бр. 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 219/19, 19/22 и 197/22) ја одобри Предлог-Одлуката за определување на трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоците за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач на Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје бр.03-2690 од 10 октомври 2023 година и го задолжи друштво истата да ја објави на својата веб страница.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-1156/5**

**19 октомври 2023 година**

**Скопје**

**Претседател**

**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**

**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Предлог-Одлука за определување на трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоците за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувач